РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр 10-1686/2
16. 07. 2025 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] од с. [redacted], со број 10-1686/1 од 04.07.2025 година, **Градоначалникот на Општина Ресен** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот [redacted] од с. [redacted] заверено под број 10-1686/1 од 04.07.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот на информацијата [redacted] од с. [redacted], преку елекртронската пошта на Општина Ресен поднесе барање информации од јавен карактер на ден 04.07.2025 година заверено под број 10-1686/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација за патот А3 во Ресен ул. Корчуланска како се движви дозволената брзина.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира дека согласно член 52 став 2 од Законот за јавни патишта(„Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/12, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21, 253/23, 224/24 и 135/25) Организирањето на поставување, заменување или остранување на собраќајните знаци, собраќајната сигнализација и заштитната опрема на државните патишта ги врши Јавното претпријатије.

Од причини што бараните податоци се однесуваат на државен пат, дел од магистрален пат А3 согласно наведените одредби а кои се однесуваат на собраќајната сигнализација Општина Ресен нема надлежност во врска со бараните податоци.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН

**ОПШТИНА РЕСЕН**

*Одделение за урбанизам и комунални дејности*

бр. 16-сл. од 09.07.2025 год.

**ДО: Сектор за правни и општи работи**

**ПРЕДМЕТ: Известување**

**ВРСКА: 10-сл. од 04.07.2025 год. (10-16860/1 од 04.07.2025 год.)**

Почитувани,

Во врска со бараните податоци од страна на [redacted] од с. [redacted], Ресен, Ве известуваме дека, согласно чл.52 ст.(2) од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/21, 253/23, 224/24 и 135/25) Организирањето на поставување, заменување или отстранување на сообраќајните знаци, сообраќајната сигнализација и заштитната опрема на државните патишта ги врши Јавното претпријатие.

Од причини што бараните податоци се однесуваат на државен пат, дел од магистрален пат А3, согласно наведените одредби а кои се однесуваат на сообраќајната сигнализација, Општина Ресен нема надлежност во врска со бараните податоци. Со почит,

**Раководител на одд. за урбанизам и комунални работи**

**Златко Чаталовски**